**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРАВО НА ЕВРОПСКА УНИЈА НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Со Одлука бр. 1102-98/4 од 25.3.2015 год. донесена на 115. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“, одржана на 24.3.2015 година, ние, проф. д-р Владимир Ортаковски – претседател, проф. д-р Билјана Ванковска – член и доц. д-р Љупчо Сотироски – член, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник – доцент за наставно-научната област *право на Европска унија* на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Нова Македонија“ од 7.3.2015 година и во предвидениот рок се пријавија кандидатките: д-р Ана Никодиновска-Крстевска и м-р Дијана Ѓоргиева.

Врз основа на деталното запознавање со конкурсните услови и законските одредби и по опстојното разгледување на пристигнатите пријави и приложените документи поединечно за секој кандидат, Комисијата има чест и задоволство на членовите на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип да им го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

По детално разгледување на пријавата и на доставените документи на кандидатката **м-р Дијана ЃОРГИЕВА**, Комисијата утврди дека кандидатката ја нема доставено соодветната документација предвидена со Конкурсот, односно:

- нема доставено соодветна пријава за конкурс;
- нема доставено диплома за завршен трет циклус – докторски студии;
- нема доставено потврда дека се служи со еден од странските јазици;
- нема доставено препорака од најмалку двајца професори (вонреден/редовен);
- нема доставено примерок од докторскиот труд;
- нема доставено список на објавени научни и стручни трудови.

Врз основа на горенаведеното, Комисијата констатира дека **кандидатката не ги исполнува условите наведени во Конкурсот** за избор на наставник – доцент од областа *право на Европска унија* на Правниот факултет.

По детално разгледување на пријавата и на доставените документи на кандидатката **д-р Ана НИКОДИНОВСКА-КРСТЕВСКА**, Комисијата утврди дека кандидатката ја има доставено соодветната документација согласно со Конкурсот и со тоа дека ги исполнува условите наведени во истиот, по што Комисијата пристапи кон нивно разгледување.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Ана Никодиновска-Крстевска** е родена на 31 мај 1980 во Скопје. Основно и средно образование завршува во Скопје – во Државното средно економско-правно училиште „*Васил Антевски-Дрен*“. Во 2005 година дипломира на Универзитетот „*Orientale*“ во Неапол, Италија, на Факултетот за политички науки со оценка 9,41. Дипломира на предметот Меѓународно јавно право на тема „*Македонскиот конфликт во 2001 година во меѓународното право*“ и се стекнува со *диплома по меѓународни и дипломатски односи* (дипломата е нострифицирана од страна на Министерството за образование и наука со број на Одлука 09-5632/2 од 19.7.2007 год. и е направена еквиваленција на оценки со број на Одлука бр.12-1790/2 од 10.3.2010 год.). Постдипломските студии ги завршува на Универзитетот во Болоња, Италија, на Факултетот за политички науки со просечна оценка 9,25 и се стекнува со академски степен *магистер по социјални политики и стратешки*

*менаџмент за одржлив територијален развој* со вкупно 64 ЕКТС (дипломата е нострифицирана од страна на Министерството за образование и наука со број на Одлука 09-4774/2 од 4.7.2008 год. и е направена еквиваленција на оценки со број на Одлука 12-1971/2 од 12.3.2010 год.).

Од декември 2009 г. кандидатката ја пријавува докторската дисертација под наслов *„Односот меѓу вредностите и принципите на Европската унија низ призмата на нејзината надворешна политика“,* од областа *европски студии за интеграција* на Институтот за социологија на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје под менторство на д-р Билјана Ванковска, редовен професор на истоимениот факултет. Дел од научните истражувања за дисертацијата, д-р Никодиновска Крстевска ги спроведува на Католичкиот универзитет во Лувен, Белгија, под менторство на проф. Стефан Куклер на Институтот „LINES“ за меѓународна политика и европски студии, за што впрочем во 2011 год. добива стипендија за шестмесечен студиски престој. На 13 јануари 2015 г., кандидатката д-р Ана Никодиновска-Крстевска успешно ја одбранува својата докторска дисертација и се стекнува со научен степен доктор на науки на европски студии за интеграција.

Своето работно искуство д-р Ана Никодиновска-Крстевска го започнува во јуни 2006 г. на Одделението за мир и меѓународни односи при Месната заедница на Болоња, Италија, каде што стажира вршејќи активности поврзани со проекти за меѓународна соработка на Месната заедница на Болоња. По враќањето од Италија, кандидатката се занимава со преведувачка дејност за потребите на Одделението за организиран криминал при Јавното обвинителство на Република Македонија во врска со Твининг проектот за борба против корупција и организиран криминал меѓу Италија и Република Македонија (во 2006 и 2007 год.). Во декември 2007 г. се вработува во Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија како проектен асистент на проектот *Градење на административни капацитети за ЕУ интеграции*, финансиран од Обединетото Кралство. Во рамките на проектот учествува на разни обуки, семинари и тркалезни маси поврзани со имплементацијата на *Националната програма за усвојување на правото на Европска унија*.

Во октомври 2008 г кандидатката е избрана за помлад асистент по предметите Меѓународно јавно право и Право на Европска унија на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, и во јули 2011 год. за асистент од областа Право на Европска унија на истоимениот факултет, каде што одржува вежби и други активности поврзани со предметите *Меѓународно јавно право, Вовед во право на Европска унија*, *Политики на Европска унија, Политички систем* и други. Д-р Ана Никодиновска-Крстевска е посветен работник во наставно-образовната дејност на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за што од самоевалуациајта се покажува дека таа поседува висока подготвеност и способност за спроведување и за изведба на вежбите, при што таа се служи со современи методи и техники за дисеминација на знаењето, користи современа литература, располага со ажурирани информации поврзани со тематските единици на предметот и применува соодветни педагошки мерки во изведувањето на вежбите.

Исто така, во рамките на факултетот д-р Ана Никодиновска-Крстевска е уредник на *Годишниот зборник на Правен факултет* од 2014 год., како и била член на Уредувачкиот одбор и на Издавачкиот совет на Годишниот зборник на Правниот факултет од 2009 г. па наваму. Таа, исто така е член на Редакцискиот одбор на меѓународното списание *Balkan Social Science Review* на истоимениот факултет. Освен тоа, кандидатката била член на Редакциски одбор на Првата меѓународна научна конференција *Општествените промени во глобалниот свет*, која се одржала во септември 2014 год., во организација на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Од областа на научноистражувачката работа, д-р Ана Никодиновска Крстевска е активно вклучена во меѓународниот COST проект (MARSAFENET – Network of experts on the legal aspects on maritime safety and security) од областа на меѓународно право на морето, како координатор за Република Македонија и како помлад истражувач, во чии рамки воедно се јавува како научен координатор и организатор на меѓународна конференција на тема *Нелегална миграција и меѓународна соработка* која е предвидена да се одржи во

септември 2015 г. во Охрид. Таа е автор на повеќе трудови од полето на анализа на надворешната политика, теориите за европска интеграција и за меѓународни односи, меѓународното јавно право, како и на други теми поврзани со политичките науки. Нејзиниот придонес во науката е особено насочен кон Европската унија, нејзината надворешна политика и како потесно истражувачко поле – Украина, украинската криза и кризите од источното соседство, за што може да се издвојат трудовите насловени како „The Ukraine Crisis and New Security Challenges for Euro Atlantic Integrations", „Европската унија во меѓународните односи: помеѓу теориите за меѓународни односи и европска интеграција" и други.

Кандидатката учествува на неколку конференции, семинари, тркалезни маси, трибини и предавања, како во земјата така и во странство. Меѓу нив може да се спомнат Конференцијата *Безбедност на морињата: пиратство и други ризици за пловидба* одржана во Неапол, Конференцијата *Оценка на дипломатскиот систем на Европската унија* во Брисел, Конференцијата *Глобални кризи и земјите во транзиција* во Сараево, Тркалезната маса *Евро-атлантските предизвици на Република Македонија по самитот на НАТО во Велика Британија 2014* во Скопје и сл. Кандидатката одржува постојани врски со Универзитетите „Партенопе" и „Ориентале" во Неапол, како и со Универзитетот во Порто.Одлично ги познава и активно ги зборува италијанскиот, англискиот и францускиот јазик.

**ЗАКОНСКИ УСЛОВИ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ**

1. Кандидатката е доктор на науки од соодветната научна област „Право на Европска унија", врз основа на одбранета докторска дисертација под наслов *„Односот меѓу вредностите и политиките на Европската унија низ призмата на нејзината надворешна политика"*.
2. Кандидатката има остварено просечен упех од 9,41 на додипломски студии и просечен успех од 9,25 на постипломски студии, со што го исполнува критериумот пропишан во Конкурсот за просечен успех над осум на студиите на прв и втор циклус посебно
3. Кандидатката има објавено шест научноистражувачки трудови од соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации согласно со законските одредби и правилниците и правните акти на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, со што го исполнува критериумот пропишан во Конкурсот за објавени најмалку 4 научноистражувачки трудови или меѓународни публикации од соодветната област, и тоа:

| Реден број | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **NIKODINOVSKA KRSTEVSKA , A.,** ANANIEV, J. and STOJANOVSKI, S. | "The Ukraine Crisis and New Security Challenges for Euro Atlantic Integrations" | *International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR)*, volume 20 No. 1, 2015, pp. 254-259. | 7 години (од 2009 год.) |
| 2. | ANANIEV, J., DENKOVA, j. and **NIKODINOVSKA KRSTEVSKA, A**. | "Rule of Law and Inclusion in the Republic of Macedonia" | *International Journal of Sciences: Basic and Applied Research,* volume 19 No. 2, 2015, pp. 428-435. | 7 години (од 2009 год.) |
| 3. | STOJANOVSKI, Strasko, ANANIEV, Jovan and **NIKOIDNOVSKA KRSTEVSKA, Ana** | "Between Religion and Nation: The Identity of Makedonkci muslimani in Republic of Macedonia" | *International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR)*, volume 20 No. 2, 2015, pp. 194 – 201. | 7 години (од 2009 год.) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | **NIKODINOVSKA, Ana** | *"Renewal of the Albano-Macedonian and Turkish Relations: The perspectives of Corridor VIII",* | **in** BULUT, Mehmet & IDRIZ, Mesut (eds) *Turkish Albanian Macedonian Relations. Past, Present and Future,* Ancara Center for Thought and Research (ADAM/ACTOR), Ankara, 2012, pp. 259-266. | Еднократно во 2012 година (глава од научна монографија објавена во Турција) |
| 5. | **НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, Ана** | „'Демократијата' како основна вредност на надворешната политика на Европската унија" | *Зборник на трудови од Прва меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет"*, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Штип, 2014, стр. 435-444. | Еднократно во 2014 година (зборник од меѓународна конференција со меѓународен уредувачки одбор) |
| 6. | **НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, Ана:** | „Критики и лимити на концептот на 'нормативна моќ на Европската унија'", | *Годишен зборник на Правен факултет* бр. 4, Година 2013/2014, Универзитет „Гоце Делчев'" – Штип, Штип, 2014, стр. 167 – 170. | Од 2009 год. (научен труд објавен во годишен зборник со меѓународен уредувачки одбор) |

## ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНИК ДОЦЕНТ СОГЛАСНО СО ТАБЕЛАТА НА АКТИВНОСТИ ШТО СЕ БОДИРААТ ЗА ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

***Наставно-образовна дејност***

Кандидатката д-р Ана Никодиновска Крстевска на ден 14 октомври 2008 год., со Одлука бр. 1602-147 од 27.10.2008 год., била **избрана за помлад асистент** на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип по предметите Меѓународно јавно право и Право на Европска унија. Од 24 август 2014 год. со Одлука бр. 1602-112/6 од 26 август 2014 год. е **избрана во асистент** од областа право на Европска унија на истоимениот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Од изборот во помлад асистент и асистент на Правниот факултет во Штип, д-р Ана Никодиновска-Крстевска одржува вежби на првиот циклус студии по следните предмети: *Меѓународно јавно право (2+2+1)*, *Вовед во право на Европска унија (2+2+1), Политики на Европска унија (2+2+1), Политички систем (2+2+1), Социологија на правото (2+2+1), Права и слободи на човекот во РМ (2+2+1)*, *Граѓанско општество (2+2+1)* и *Реторика и право (2+2+1)*.

За потребите на наставно-образовната дејност, кандидатката д-р Ана Никодиновска-Крстевска има издадено **две рецензирани учебни помагала** со наслов:

1. НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, Ана: *Надворешна и безбедносна политика на Европската унија – скрипта*, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Штип, 2015 г.;
2. НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, Ана: *Надворешна и безбедносна политика на Европската унија – практикум*, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Штип, 2015 г.,

кои се објавени на е-библиотека на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип и претставуваат еден од критериумите за избор согласно со Правнилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Освен овие активности поврзани со наставата, кандидатката во рамките на Факултетот активно се вклучува во дебати, трибини и други активности од наставно-образовен и научно-истражувачки карактер, меѓу кои во 2009 г. учествува како член во Комисијата за *Државен натпревар по ораторство* организиран од Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола.

***Кандидатката е, исто така, добитник на следниве стипендии:***

1. JoinEU-SEE scholarship (Erasums Mundus program – Action II) за размена на студенти – докторанти на Katholieke Universiteit Leuven во Лувен, Белгија од 1.10.2011 до 30.4.2012 г.
2. 16$^{th}$ CEI International Summer School *“Beyond Enlargement. The wider Europe and the New - Neighbourhood”*, 5 – 8.9.2011, Cervia, Italia.
3. Master di II livello, „Politiche sociali e direzione strategica per lo sviluppo sostenibile del territorio”, Università di Bologna “Alma Mater Studiorum”, anno 2005 – 2006, Bologna, Italia (универзитетски мастер од II ниво по *социјални политики и стратешки менаџмент за одржлив територијален развој*, Универзитет на Болоња).

Целокупната наставно-образовна дејност на д-р Никодиновска-Крстевска во рамките на Правниот факултет – Штип е позитивно оценета, што се согледува од самоевалуацијата за кандидатката од страна на Унверзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, која е приложена во документацијата за конкурс.

Според тоа, согласно со правилниците и правните акти на Универзитетот „Гоце Делчев“ за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и согласно со табелата на активности кои се бодираат при изборот во звање на истоимениот Универзитет, **кандидатката исполнува 25 поени од наставно-образовна дејност**, односно 10 од изборот во помлад асистент и 15 од изборот во асистент.

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

Во рамките на научноистражувачката дејност, во согласност со табелата на активности кои се бодираат при изборот во звање, кандидатката д-р Ана Никодиновска-Крстевска има објавено **глава од научна монографија издадена во Турција (вкупно 10 поени):**

1. **NIKODINOVSKA, Ana, *“Renawal of the Albano-Macedonian and Turkish Relations: The perspectives of Corridor VIII”,* in** BULUT, Mehmet & IDRIZ, Mesut (eds) *Turkish Albanian Macedonian Relations. Past, Present and Future*. Ancara Center for Thought and Research (ADAM/ACTOR), Ankara, 2012, pp. 259-266.

***Краток опис на трудот:***

Оваа глава од книга говори за односот и врските меѓу земјите од југоисточната и северозападната оска на европскиот и азискиот континент. Попрецизно, трудот говори за политичките, економските, социјалните и културните односи меѓу Македонија, Албанија и Турција, како и за нивното значење низ призмата на историскиот пат Виа Игнација и неговиот денешен близнак Коридорот VIII.

Кандидатката, исто така, ги има објавено следните три труда во делот на **прегледен труд (вкупно 15 поени):**

2. **NIKODINOVSKA KRSTEVSKA, A.,** ANANIEV, J. and STOJANOVSKI, S.: “**The Ukraine Crisis and New Security Challenges for Euro Atlantic Integrations**”, *International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR)*, volume 20 No. 1, 2015, pp. 254-259. (прегледен труд/останати)

***Краток опис на трудот:***

Трудот говори за украинската криза која започна во ноември 2013 год. и предизвика нови геополитички групирања на меѓународната сцена, кои на некој начин ја возобновија дебатата за нова Студена војна и допреа до две важни прашања и тоа: енергетската безбедност на Европската унија, а со тоа и безбедноста на НАТО алијансата и на нејзините

земји-членки, како и прашањето за поделбата на сфери на влијание меѓу Соединетите Американски Држави и Европската унија преку НАТО, и Руската Федерација преку Евроазиската унија. Според авторите, овие нови безбедносни предизвици ќе влијаат и ќе ги условат тековните трендови и тенденции на евроатлантските интеграции.

3. ANANIEV, J., DENKOVA, J. and **NIKODINOVSKA KRSTEVSKA, A**.: "**Rule of Law and Inclusion in the Republic of Macedonia"**, *International Journal of Sciences: Basic and Applied Research,* volume 19 No. 2, 2015, pp. 428-435. (прегледен труд/останати)

***Краток опис на трудот:***

Концептот на владеење на правото подразбира дека правниот систем е еднаков за сите граѓани и дека постојат прецизни и применливи механизми на контрола за неговото функционирање и за функционирањето на институциите кои го гарантираат и го имплементираат истото. Почитувањето на концептот на владеење на правото е клучен предуслов за демократија и за заштита на човековите права, но исто така е и главен услов за да се овозможи институционална и процедурална социјална инклузија на сите граѓани. Според тоа, една земја се смета дека е демократска доколку нуди еднакви можности за прогрес за секој поединец, се разбира доколку прогресот се заснова на правични и јасно дефинирани критериуми чијашто примена е категорична, без никакви надворешни и недозволени интервенции на поединци или на одредена група на индивидуи. Во спротивно, доколку прогресот не се базира врз правила, туку врз одредени центри на моќ, во тој случај процентот на исклучување на поединците кои немаат еднакви можности би бил многу висок. Така, владеењето на правото би се заменило со владеењето на нечија друга волја. Во рамките на овој труд се презентирани оригинални необјавени резултати од истражување на јавното мислење спроведено во 2011 год.

4. STOJANOVSKI, Strasko, ANANIEV, Jovan and **NIKODINOVSKA KRSTEVSKA, Ana: "Between Religion and Nation: The Identity of Makedonci muslimani in Republic of Macedonia**", *International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR)*, volume 20 No. 2, 2015, pp. 194 – 201. (прегледен труд/останати)

***Краток опис на трудот:***

Колективниот идентитет на муслиманското население со словенско потекло на Балканот е резулат на повеќеконфесионалниот систем кој постоел во доцноосманлискиот милетски систем и се јавува како последица од воведувањето на националните идеологии во втората половина од 19 век. Со формирањето на македонската држава, Македонците муслимани биле инкорпорирани во новата нација, но заради нивните религиски разлики тие сепак не биле целосно вклучени во доминантниот христијански дискурс на македонската нација. Овој пример не е единствен, напротив, освен Република Македонија, тој може да се сретне и кај муслиманите во Република Србија и кај Помаците во Република Бугарија. Оттука, етникумот на Македонци муслимани поседува стабилни културни карактеристики, кои меѓу другото го имаат македонскиот јазик, како мајчин јазик во нивниот говор, но сепак, тие се разликуваат, заради различните политички определби во однос на нивната национална идентификација.

Во делот на **трудови со оригинални научни резултати објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати)**, кандидатката ги има објавено следните 4 труда **(вкупно 12 поени):**

5. **НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, Ана: „Критики и лимити на концептот на 'нормативна моќ на Европската унија'",** *Годишен зборник на Правен факултет* бр. 4, Година 2013/2014, Универзитет „Гоце Делчев'" – Штип, Штип, 2014, стр. 167 – 170. (останати)

***Краток опис на трудот:***

*Концептот на „нормативна моќ на Европската унија"*, формулиран од Манерс во

2002 г., кој ја опишува Европската унија како актер со нормативна моќ во меѓународните односи способен да ги менува концепциите за „она што се смета за нормално" кај другите, претставува концепт кој не успева целосно да ја долови епистемолошката и онтолошката вистина за Европската унија. Како резултат на тоа, научните дисциплини на меѓународните односи, на европската интеграција и на анализата на надворешна политика, развиваат критички осврти насочени кон концептот, особено кон неговата природа, цели, инструменти и слично.

6. **НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, Ана: „Европската унија во меѓународните односи: помеѓу теориите за меѓународни односи и европска интеграција"**, *Годишен зборник на Правен факултет* бр. 3, година 2011/2012, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Штип, 2014, стр. 125-134. (останати)

***Краток опис на трудот:***

Специфичната организација и уредување на Европската унија предизвикува значајни тешкотии при нејзиното дефинирање, бидејќи од една страна ја надминува организацијата на меѓународна организација, но, од друга страна, сепак не го надминува класичниот концепт на европска држава. Во недостаток на една сеопфатна теорија која би можела да ги објасни нејзините карактеристики, овој труд говори за најблиските теориски гледишта кои ја проучуваат Унијата како субјект во меѓународниот систем, способен да креира и да спроведува политики, и кои се обидуваат да ја доловат нејзината природа, и тоа: теориите за меѓународни односи и теориите за европски интеграции. Тргнувајќи од нив, направен е подетален приказ на главните парадигми на теориите за меѓународни односи изразени преку реализмот, либерализмот и конструктивизмот, како и на позначајните теориски стојалишта на теориите за европска интеграција, содржани во федерализмот, функционализмот, интерговерментализмот и социјалниот конструктивизам.

7. **НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, Ана: „Концептот на нормативна моќ на Европската унија"**, *Годишен зборник на Правен факултет* бр. 2, година 2010, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Штип, 2013, стр. 163-172. (останати)

***Краток опис на трудот:***

Неспорниот меѓународен протагонизам на Европската унија, заедно со заложбата да промовира вредности и принципи во поширокиот свет, ја прави Унијата да се разликува и да отскокнува од традиционалните актери во меѓународните односи, при што таа е претставена како нов вид на моќ во меѓународниот систем. Оваа улога на ЕУ, предводена од етика на одговорноста, во литературата се здобива со различни епитети како цивилна моќ, сила за доброто, нормативна моќ, структурна сила, трансформативна моќ, етичка моќ, специфична империја и сл. Во овој труд фокусот се насочува кон концептот на нормативна моќ на Европската унија при истражување на специфичната улога на ЕУ, заснована на нејзината уникатна нормативна база и на нејзиниот *sui generis* карактер на поствестфалски ентитет. На крајот од трудот се прикажува со помош на скала на континуум, тројна спецификација (цивилна моќ, нормативна моќ и етичка моќ) на меѓународната улога на ЕУ.

8. **НИКОДИНОВСКА, Ана: „Правото на самоопределување на народите и правото на сецесија како последна инстанца од правото на самоопределување"**, *Годишен зборник на Правен факултет*, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, 2009, стр. 197-211. (останати)

***Краток опис на трудот:***

Традиционалното меѓународно право, поткрепено од праксата на Друштвото на народите, не остави без сомнение никаков простор за одобрување и/или нормирање на правото на сецесија. Современото меѓународно право, врз основа на историските збиднувања и тенденции, како и на праксата на Организацијата на Обединетите нации, му дава на правото на сецесија сè поголем простор. Правото на сецесија доби своја тежина

со нормирање на принципот на самоопределување на народите сè до неговата потесна интерпретација како крајна нужда на истиот принцип. Оттука, феноменот отцепување се конфигурира како финална норма односно како последна инстанца на правото на самоопределување. Афирмирајќи се на тој начин, правото на сецесија всушност се стекна со една серија на гаранции кои произлегуваат од меѓународниот режим за признавање на нови субјекти во меѓународното право и се здоби со правото да биде третирано во рамките на меѓународната заедница.

Во делот од табелата кој се однесува на објавени **трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир,** кандидатката ги има објавено следните три трудови **(вкупно 3 поени):**

9. **НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, Ана: „'Демократијата' како основна вредност на надворешната политика на Европската унија**", *Зборник на трудови од Прва меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет"*, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Штип, 2014, стр. 435-444.

*Краток опис на трудот:*
Од основањето на Европската заедница за јаглен и челик во 1952 г., сè до создавањето на Европската унија во 1992 г. и до Лисабонскиот договор од 2009 г., кој ѝ придаде меѓународен персоналитет, Европската унија во својата надворешната политика се раководи од сопствените вредности и принципи, и ги промовира истите во своите меѓународни односи со трети земји. Меѓу овие вредности кои произлегуваат од нејзината широка палета на закони и на политики содржани во *acquis communautaire* и *acquis politique* се наоѓа демократијата. Според тоа, овој труд говори за демократијата како основна вредност на Европската унија и нејзината промоција во надворешната политика на ЕУ.

10. **НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, Ана: „Мирот како вредност на надворешната политика на Европската унија",** *Списание на научни трудови Петта меѓународна конференција „Меѓународен дијалог: Исток – Запад" (Култура, славјанство и економија)* бр. 1(5), Корпоративен меѓународен Славјански универзитет „Г.Р. Державин" - Св. Николе, Св. Николе, 2014, стр. 73-76.

*Краток опис на трудот:*
Напуштањето на геополитичките реалитети карактеристични за периодот на Студената војна, како и формирањето на заедничката надворешна и безбедносна политика во рамките на структурната поставеност на Европската унија, ѝ овозможија на Унијата да ја заснова својата надворешна политика врз една поширока агенда предводена од норми и вредности, меѓу кои како најзначајна се издвојува вредноста на мирот. Во тие рамки, трудот говори за мирот како една од основните и обединувачки вредности на Европската унија, кој Унијата го претставува низ три историски димензии: оригинален мир, нов мир и глобален мир. Освен тоа, мирот е прикажан како движечка сила во надворешните политики на Унијата: проширување, развој, заштита на животната средина и превенција на конфликти.

11. **НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, Ана: „Нормативните инструменти на концептот на нормативна моќ на Европската унија кон украинската криза",** *Списание на научни трудови Петта меѓународна конференција „Меѓународен дијалог: Исток – Запад" (Култура, славјанство и економија)* бр. 1 (5), Корпоративен меѓународен Славјански универзитет „Г.Р. Державин" - Св. Николе, Св. Николе, 2014, стр. 77-79.

*Краток опис на трудот:*
Концептот на нормативна моќ на Европската унија, според кој Европската унија е претставена како нормативна сила способна да ги обликува и да ги менува концепциите на „она што се смета за нормално" во меѓународните односи,е составен од четири елементи, со кои

Унијата ги шири своите норми и вредности, и тоа: нормативен идентитет, нормативни цели, нормативни инструменти и нормативно влијание. Во светлината на скорешните настани кои го засегнаа источноевропското соседство, во овој труд се разгледува примената на нормативните инструменти на Европската унија во однос на украинската криза.

Во делот на **пленарно предавање на научен собир,** кандидатката д-р Ана Никодиновска Крстевска има остварено предавање под наслов „Doppi standard nella politica di allargamento dell'Unione Europea. Il caso della Repubblica di Macedonia", на семинарот *Valori e identità nazionali e locali nel processo di integrazione europea"*, на Универзитетот во Бари (Италија), 3-4.10.2011 **(вкупно 6 поени).**

Во делот **одржано предавање по покана од научна институција**, кандидатката д-р Никодиновска-Крстевска има одржано предавање по покана на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип при посета на Здружена оперативна команда на Армија на Република Македонија, на 30.9.2014 год., под наслов *„Новите безбедносни предизвици на евроатлантските интеграции"*. Освен тоа, таа има одржано презентација по покана на Факултетот за политички науки при Универзитетот „Aldo Moro" во Бари, Италија, и Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, под наслов *„Le relazioni bilaterali tra la Repubblica di Macedonia e l'Italia: il Corridoio VIII "*, на јавната трибина на тема *Lezioni sull'Adriatico*, на 15 април 2011 година на Филолошкиот факултет – УКИМ, Скопје. **(вкупно 4 поени.)**

Што се однесува до **учество на научен собир со реферат (постер/усно)**, д-р Никодиновска-Крстевска учествувала на следните 7 собири **(вкупно 11 поени)**

- „Последици од заклучоците од Самитот на НАТО во Велс во однос на Република Македонија*"*, статија презентирана на *Научно-стручна тркалезна маса „Евроатлантските предизвици на Република Македонија: проблеми, политичка реалност, идни решенија и можности по самитот на НАТО во Велика Британија 2014"*, Факултет за безбедност, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, 18 ноември 2014 г., Скопје.
- „La pace quale valore fondamentale nelle tradizioni costituzionali degli ordinamenti italiano, macedone ed europeo", статија во коавторство со Mariagiovanna Silvestri, презентирана во рамките на меѓународниот семинар *Parallelismi linguistici, letterari e culturali - Convegno internazionale in occasione dei 55 anni degli Studi Italiani presso l'Università "Ss. Cirillo e Metodio di Skopje"*, 13 - 14 September 2014, Ohrid, Macedonia.
- „'Демократијата' како основна вредност на надворешната политика на Европската унија", статија презентирана на *Прва меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет"*, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, 11 – 13 септември 2014, Штип.
- "European Values and Principles in Face of New Security Dilemmas: The Ukrainian Crisis as a Case Study", статија презентирана на *First Sarajevo International Conference on Global Crisis and Countries in Transition,* International University in Sarajevo, 19-22 June 2014, Sarajevo, Bosnia and Herzegovina.
- „Мирот како вредност на надворешната политика на Европската унија", статија презентирана на *Петтата меѓународна конференција „Меѓународен дијалог: Исток – Запад" (Култура, славјанство и економија),* Корпоративен меѓународен Славјански универзитет „Г.Р. Државин" - Св. Николе, 25 – 26 април 2014, Св. Николе.
- „Нормативните инструменти на концептот на нормативна моќ на Европската унија кон украинската криза", статија презентирана на *Петтата меѓународна конференција „Меѓународен дијалог: Исток – Запад" (Култура, славјанство и економија)*, Корпоративен меѓународен Славјански универзитет „Г.Р. Државин" - Св. Николе, 25 – 26 април 2014, Св. Николе.
- "Renewal of the Albano-Macedonian and Turkish Relations. The perspectives of Corridor VIII", статија презентирана на 4 International Conference on *„Past, Present and Future of Turkish-Albanian and Macedonian Relations*", 27 – 29.05.2011, Skopje, Macedonia.

Кандидатката д-р Ана Никодиновска-Крстевска на 13.1.2015 год. на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Институт за социологија, ја има **одбрането докторската дисертација** под наслов *„Односот меѓу вредностите и политиките на Европската унија низ призмата на нејзината надворешна политика"*, под менторство на проф. д-р Билјана Ванковска **(вкупно 8 поени).**

***Краток опис на трудот:***

Докторската дисертација говори за изменетото меѓународно опкружување и процесите на внатрешна трансформација на Европската унија кои настанаа во изминативе две децении, а кои доведоа до редефинирање на нејзината улога на мека сила во светската политика, во насока на прифаќање на однесување кое е повообичаено за класичните актери на меѓународната политика. Ова резултираше во зголемување на јазот меѓу декларираните вредности и принципи на Европската унија и нивното спроведување во нејзината надворешната политика. Во тој контекст, докторска дисертација ја испитува токму надворешната политика на Европската унија видена низ призмата на конкретната корелација меѓу прокламираните европски вредности и принципи и нивната практична примена во дејствувањето на органите на Унијата и на државите-членки и го истражува профилот на Унијата како актер со „нормативна моќ" во меѓународните односи и влијанието што таа го врши врз трети држави и во меѓународната заедница во целина.

Исто така, на Факултетот за политички науки при Универзитетот „Алма Матер Студиорум" во Болоња, Италија, во септември 2006 година, кандидатката д-р Никодиновска-Крстевска го **одбранува магистерскиот труд** под наслов *„Relazioni internazionali della Provincia di Bologna"* **(вкупно 4 поени).**

Во делот **раководител на научен проект**, д-р Ана Никодиновска-Крстевска е претставник за Република Македонија и е член на Управниот одбор на меѓународниот проект COST ACTION IS1105 „MARSAFENET - NETwork of experts on the legal aspects of MARitime SAFety and security" (2012-2016) **(вкупно 6 поени).**

Д-р Никодиновска-Крстевска е член на **Уредувачки одбор на научно списание** *Balkan Social Science Review* на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, исто така, таа е повеќегодишен член на Уредувачки одбор на *Годишен зборник на Правен факултет* **(вкупно 2 поени).**

Кандидатката е **уредник на меѓународен зборник** *Годишен зборник на Правен факултет* бр. 4 за 2013/2014 год. **(вкупно 2 поени).**

Во делот на **претседател на организационен или научен одбор на научен собир**, кандидатката д-р Никодиновска-Крстевска е претседател и научен координатор на Меѓународната научна конференција под наслов "Illegal Migration and International Cooperation", во рамките на проектот MARSAFENET, а во организација на Правниот факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, која е предвидена да се одржи на 15 септември 2015 год. во Охрид **(вкупно 2 поени).**

Во делот **член на организационен или научен одбор на научен собир**, кандидатката е член на Редакцискиот одбор на *Првата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет"* во организација на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, која се одржа од 11 – 13 септември 2014 год. **(вкупно 1 поен).**

Кандидатката има остварено повеќекратен **студиски престој** во странство и тоа: научен студиски престој на Католичкиот универзитет во Лувен, Белгија во период септември 2011 год. – мај 2012 год.; едногодишен студиски престој во Болоња, Италија, во периодот од 2005 - 2006 год., за постдипломски студии на Универзитетот „Алма Матер Студиорум" во Болоња; шестгодишен студиски престој во Неапол, Италија, во периодот од 1999 до 2005 год. за додипломски студии на Универзитетот „Ориентале" во Неапол; а ги има посетено и државите Република Словачка, Белгија, Италија и Босна и Херцеговина за учество на научни семинари **(вкупно 8 поени).**

Согласно со правилниците и правните акти на Универзитетот „Гоце Делчев“ за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и согласно со табелата на активности кои се бодираат при изборот во звање на истоимениот Универзитет, **КАНДИДАТКАТА ИСПОЛНУВА 94 ПОЕНИ ОД НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ.**

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ**

Во табелата што се однесува на стручно-апликативната и организациско-развојната дејност, кандидатката д-р Никодиновска-Крстевска во делот на **труд во стручно (научно-популарно списание)** го има објавено следниот труд **(вкупно 2 поени):**

1. **НИКОДИНОВСКА, Ана: „Биобиблиографија на проф. д-р Ванче Стојчев“,** *Годишен зборник на Правен факултет*, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2009, стр. 9 - 24.

   ***Краток опис на трудот:***
   Биобиблиографија на проф. д-р Ванче Стојчев.

Во делот **учество на стручен собир со реферат (постер/усн**о), д-р Никодиновска-Крстевска има учествувано на 16. Меѓународен семинар *„Beyond Enlargment. The wider Europe and the New Neighbourhood*“ во Червија, Италија, организиран од Факултетот за политички науки „Roberto Ruffili“ - Форли при Универзитетот во Болоња, од *Istituto per l'Europa centro-orientale e balcanica* и од меѓунанародната организација *Central European Initiative,* каде што го презентирала својот истражувачки предлог на тема “*The values and principles of Sustainable development seen trough the prism of EU's Foreign Policy”* **(вкупно 1 поен).**

Во делот на **учество на стручен собир**, кандидатката има учествувано на следните стручни собири: *„IPA training“* (11 – 13.02.2008, Скопје); *„Training Needs Assessment“* (17-18.9.2008, Скопје*); „Вовед во проценка на влијание на регулативата“* (март 2008, Скопје); *„Financial Services“* (31.1-1.2.2008, Скопје); *„Competition Policy“* (4.12.2007; 8.2.2008, Скопје) *„Free Movement of Capital“* (24-25.1.2008, Скопје); *„Freedom of movement for workers“* (18-19.2.2008, Скопје); *„Science and Research“* (7.2.2008, Скопје); *„Човековите права во здравствената заштита“* (12.11.2010, Скопје); *„16th NISPAcee Annual Conference “Public Policy and Administrations: Challenges and Synergies*“ (15-17.5.2008, Братислава); *„Четврти меѓународен конгрес на Исламската цивилизација на Балканот“* (14-17.10.2010, Скопје); *„Integrating IT tool in teaching process“* (јули 2011); *“Evaluating the Diplomatic System of the European Union* (28.2.2012); “*Insecurity at sea: Piracy and other risk to navigation”* (12.10.2012); *„Вградување на знаењето за ЕУ“* (24.4.2013) **(вкупно 8,5 поени).**

Во делот на **претседател на организациски или програмски одбор на стручен собир**, кандидатката на 27 мај 2014 год, учествува како модератор на Трибината во организација на Правниот факулте, на тема Македонското малцинство во соседните земји (Албанија, Бугарија и Грција)“ **(вкупно 2 поени).**

Што се однесува до **учеството во научни проекти**, кандидатката д-р Никодиновска-Крстевска учествува како помлад истражувач во рамките на гореспоменатиот меѓународен проект „MARSAFENET - NETwork of experts on the legal aspects of MARitime SAFety and security“, во работна група 3 “International Maritime Security and Border Surveillance”. Таа, исто така, учествува како млад истражувач во научноистражувачкиот проект *„Правни аспекти на мобингот“* од Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип **(вкупно 13 поени).**

Во делот што се однесува за **изготвување на извештаи од анализи**, кандидатката ги има изготвено следните извештаи: *„Извештај за стандардизирана електронска подготовка и објавување на акти“*, *„Извештај за спроведување на серија на обуки за ИПА“, „Извештај за спроведување на обука за вовед во проценка на влијанието на регулативата“, „Извештај за спроведување на обуки на управување со човечки ресурси“*

*и „Извештај за спроведување на патување за стручно усовршување од областа на јавната администрација во Братислава“* **(вкупно 3 поени).**

Во делот **член на универзитетски и владини тела**, д-р Никодиновска-Крстевска во 2008 год. била член на Тендерска комисија за избор на идејно решение за информативни брошури „*Митови и легенди*“, „*Преговори за членство*“ во Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија и од 2010 год. па наваму таа е член на Издавачкитот совет на Годишниот зборник на Правен факултет, УГД – Штип **(вкупно 10 поени).**

Во однос на нејзиното **членство на факултетски орган или комисија**, кандидатката д-р Никодиновска-Крстевска е повеќекратен член на Уписната комисија на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и од 2014 год. таа е член на Дисциплинската комиисија на Правен факултет **(вкупно 4 поени).**

Согласно со правилниците и правните акти на Универзитетот „Гоце Делчев“ за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и согласно со табелата на активности кои се бодираат при изборот во звање на истоимениот Универзитет, **КАНДИДАТКАТА ИСПОЛНУВА 43,5 ПОЕНИ ОД СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ.**

По детално разгледување на пријавата на кандидатката и на доставените документи, Комисијата утврди дека кандидатката ги исполнува условите наведени во Конкурсот за избор на наставник доцент од областа *право на Европска унија* на Правниот факултет.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата внимателно ја разлгледа приложената документација и при донесувањето на заклучокот се раководеше, пред сѐ, од условите во Конкурсот, од Законот за високо образование, од Законот за работни односи, од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и од Правилникот за критериумите и постапката на избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Водејќи се од горенаведеното, Комисијата како сериозен кандидат и единствен кандидат што ги исполнува условите во Конкурсот за избор во наставно звање доцент од областа *право на Европска унија* на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип ја предлага кандидатката д-р Ана Никодиновска-Крстевска.

Кандидатката д-р Ана Никодиновска-Крстевска, покрај нејзините лични квалификации и интереси, нејзините достигнувања во научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и нејзината посветеност во наставно-образовната дејност како асистент на Катедрата за меѓународни односи и Европско право на Правниот факултет, УГД-Штип, се покажува и како мошне трудољубив, активен и успешен научен работник во повеќе области од *правото на Европската унија* и од *меѓународното јавно право*.

Имајќи го предвид гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип **ДА ЈА ИЗБЕРЕ Д-Р АНА НИКОДИНОВСКА-КРСТЕВСКА ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ОД ОБЛАСТА ПРАВО НА ЕВРОПСКА УНИЈА.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

**Проф. д-р Владимир Ортаковски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Билјана Ванковска, член, с.р.**
**Доц. д-р Љупчо Сотироски, член, с.р.**

## П Р И Л О Г

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ -ДОЦЕНТ ЗА Д-Р АНА НИКОДИНОВСКА-КРСТЕВСКА – вкупно 164,5 бода

| **Ред. бр.** | **НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Избор во звање помлад асистент | 10 |
| 2 | Избор во звање асистент | 15 |
| | **ВКУПНО** | **25** |

| **Ред. бр.** | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | во земјава | | во странство | | Вкупно |
| | | Број | Поени | Број | Поени | |
| 2 | Дел од монографија или научна книга | | | 1 | 10 | 10 |
| 3 | Прегледен труд (СЦИ/ЦА/останати) | | | 3 | 5 | 15 |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) | 4 | 3 | | | 12 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 3 | 1 | | | 3 |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | | | 1 | 6 | 6 |
| 8 | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт | 2 | 2 | | | 4 |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | 6 | 1,5 | 1 | 2 | 9 + 2 |
| 10 | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| 11 | Одбранета магистерски труд | | | 1 | 4 | 4 |
| 12 | Раководител на научен проект | | | 1 | 6 | 6 |
| 15 | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | 2 | 1 | | | 2 |
| 16 | Уредник на зборник на трудови | 1 | 2 | | | 2 |
| 18 | Претседател на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | 1 | 2 | | | 2 |
| 19 | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | 1 | 1 | | | 1 |
| 22 | Студиски престој во странство | | | 1 | 8 | 8 |
| | **ВКУПНО** | 45 | | 51 | | 94 |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | во земјава | | во странство | | Вкупно |
| | | Број | Поени | Број | поени | |
| 1 | Труд во стручно (научно-популарно) списание | 1 | 2 | | | 2 |
| 2 | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | | | 1 | 1 | 1 |
| 3 | Учество на стручен собир | 11 | 0,5 | 3 | 1 | 8,5 |
| 4 | Претседател на организациски или програмски одбор на стручен собир | 1 | 2 | | | 2 |
| 5 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 1 | 5 | 1 | 8 | 13 |
| 6 | Изготвување на извештаи од анализи | 6 | 0.5 | | | 3 |
| 6 | Член на универзитетски или владини тела | 2 | 5 | | | 10 |
| 7 | Член на факултетски орган, комисија | 2 | 2 | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **43,5** |
| | **ВКУПНО ОД СИТЕ ТРИ ДЕЈНОСТИ** | | | | | **162,5** |